# Јавен повик за учество во проектна активност и добивање поддршка

Во рамки на инструментот за претпристапна помош (ИПА Компонента 4[1]), во мај 2016, конзорциумот Ептиса во партнерство со Министерството за труд и социјална политика започна со имплементација на проектот „Поттикнување на социјалното претприемништво“ финансиран од Европската Унија.
Проектот е фокусиран на подигнување на свесноста за значењето на социјалното претприемништво во општеството, поттикнување на механизми на соработка меѓу различни партнери, поддршка во однос на создавање на законски и финансиски мерки (Закон за социјално претприменииштво), дефинирање на достапните финансиски инструменти за социјалните претпријатија како почетен капитал, заеми, микрокредити, субвенции за отворање на работни места, промовирање на значењето на социјалната клаузула во јавните набавки итн.

Целта на проектот е подобрување на инклузивноста на пазарот на трудот со создавање на можност за отворање на нови работни места преку стимулација на социјално економските иницијативи. Намерата е да се поттикне развојот на социјалното претприемништво во земјата, преку создавање на поволен еко систем за социјално претприемништво, како и да се поддржат веќе формираните социјални бизниси или иницијативите во формирање.

Повикот се однесува на апликанти/граѓански организации/асоцијации кои се во фаза на формирање на социјално претпријатие или планираат да формираат социјално претпријатие (ве молиме внимателно прочитајте ги критериумите за селекција).

Поддршката е во насока на градење на капацитетите на апликантите/организациите преку техничка и нематеријална помош, специјализирани обуки и пристап базиран на индивидуалните потреби на секоја организација. Дополнително, прокетниот тим ќе се обиде да ги поврзе избраните апликанти/организации со потенцијални донатори ( додадена вредност на проектот) .

Специјализираните обуки, наменети за потребите на секоја од организациите ќе бидат спроведени од локални експерти, базирани на искуствата од позитивните модели кои функционираат во земјата. Нивната цел е да се подобрат вештините на организациите и да се подготват да делуваат како социјални претпријатија откако ќе стапи во сила Законот за социјално претприемништво.

Евалуацијата на апликациите ќе ја изврши Одбор за селекција формиран за потребите на оваа активност од проектот. Апликациите ќе бидат разгледани во рок од 7 дена по истекувањето на рокот за поднесување на апликации. Предвидено е согласно дефинираните критериуми за селекција да се изберат 10 апликанти/организации на кои ќе им биде дадена поддршка (советување, обука, насоки итн) во текот на имплементацијата на проектот.

**Краен рок за поднесување на апликација во електронска верзија од страна на заинтересираните апликанти/организации е 10 март 2017, 13.00 на следната електронска адреса**: socentremk@eptisa.com

Критериумите за селекција и формуларот за аплицирање се дадени како посебни документи:

- **Китериуми за селекција АНГ, МКД, АЛБ**
- **Апликација АНГ**

[1] ИПА Компонента за Развој на човечки ресурси/ Оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013